*ЕМИЛИЈА КОРУНОВСКА*

# МАКЕДОНСКО ДЕВОЈЧЕ ВО БЕЛО

# СЛАВЈАНКА ВЛАХЧЕВА (1900 – 1988)




2025 година

**Наслов на публикацијата:**

**МАКДОНСКО ДЕВОЈЧЕ**
**ВО БЕЛО**
**СЛАВЈАНКА ВЛАХЧЕВА**
**(1900 – 1988)**

**Автори на текст:**
Емилија Коруновска, историчар, кустос советник

**Издавач:**
Европа 92 - Кочани

**За издавачот:**
Влатко Димитровски, директор

**Уредник:**
Марија Причкова Митева, в.д.директор

**Фотографии:**
Киро Спасов

**Графички дизајн и компјутерска обработка**
Христина Стефаноска

**Печат:**
Европа 92 - Кочани

*Публикацијата е печатена со поддршка од*
*Министерството за култура и туризам на РС Македонија*

# ИСТОРИЈА НА СЕСТРИНСТВОТО ВО ШТИП

Пустошот кој што го оставија трите војни, двете Балкански 1912-1913 и Првата светска војна 1914-1918 година и четирите пандемии беа огромна причина една земја да биде целосно уништена.

Втората Балканска војна пламна во околината на Штип каде е и главното поле на судирите, па така жителите на Штип го дадоа најскапиот данок во човечки жртви во однос на другите градови во регионот.

Бездомното и изгладнето население во градот и околината како последица на исцрпувачките војни лесно станува жртва на колерата.

Тоа е само една од причините, а многу поважна улога одигра воениот санитет, кој што во пракса покажа дека не е во состојба да и се спротистави на една таква голема пандемија каква што е колерата од 1913 година.

Санитетот пропушти да ги предвиди неповолните здравствени услови што ги создаде долговековното османлиско владеење, луѓето од овие простори живеат примитивно, во неадекватни и нечисти домови полни со домашни инсекти и глодари, дека речиси сите санитарни јазли се во близина на бунарите од каде се црпи вода за пиење, а примената на општата и личната хигиена е сведена на најниско можно ниво.

На санитетот од друга страна му недостасува санитетски материјал, лекови, серуми и вакцини но и недоволно познавање на начелата на превентивата, со еден збор условите за една катастофална епидемија каква што е колерата од 1913 година се идеални.

Во пролетта 1913 година со префрлувањето на целокупната бугарска војска во долината на реката Брегалница, колерата се пренесува и на српската војска.

Малку подоцна пожарот на епидемијата ќе го зафати и цивилното население и предизвика масовно умирање и пустош.

Долината на Брегалница се претвори во заедничка гробница на различни националности, а има и членови на доброволни санитетски мисии од Европа и од Америка, воени известувачи и посматрачи кои останаа овде далеку од своите домови и најблиски.

Според дневните санитетски извештаи на српскиот санитет, во кои се пополнувани рубрики „болни од колера“, „умреле од колера“, може да заклучиме дека епидемијата својата кулминација ја достигнува помеѓу 16 и 17 јули 1913 година, а веќе на 21 јули се забележани првите смртни случаи кои до крајот односно до гаснењето на епидемијата ја достигна бројката од 5.000 човечки животи од вкупно 13.300 заболени.[1]

---

[1] Е. Јосимовска, „90 години Завод за здравствена заштита – Штип 1914-2004“

Мерките за превенција кои што се превземени се недоволни, пред се што воениот санитет не располага со полски бактериолошки лаборатории, ниту искусни бактериолози, нема дезинфекциони средства, шатори и бараки за изолација на болните. Нема ниту вакцини и серуми кои во тоа време веќе се познати во медицината.



*Медицински сестри, припаднички на странски воени мисии на служба во Штип во 1913 година за време на епидемијата од колера*

Веста за појавата на епидемијата од колера и страшната смртност на населението и војската во долината на реката Брегалница се најде на првите страници на дневниот печат во скоро сите европски држави.

Насловите „Колерата ја пустоши Македонија", „Мртви војници лежат згрчени во рововите", „Жртвите од колера меѓу населението лежат по патиштата", „Жртвите од колера поголеми од жртвите на војната" и др.

Во периодот после Балканските војни санитетската организација се сведува само на окружни лекари, физикуси, срески, општински лекари и болници.

Окружниот физикус е задолжен за хигиената и епидемиологијата во округот.

Должноста на среските лекари е лекување на болните во срезот и среската болница, но во исто време се должни во случај на епидемија да излезат на лице место, самостојно или по упатство на окружниот физикус и да се борат за отстранување на причините за болеста, но и да ги лекуваат болните се до завршување на епидемијата.

Општински лекари се поставуваат само во општини во кои има повеќе од 10.000 жители додека во селата не се предвидува да има лекар.



*Зграда на Окружниот физикат во 1914 година*

Во случај на епидемија за хигиенската служба се ангажирани сите лекари од јавната служба, сите приватни лекари и лекарите од болниците.

Тие се должни во тој момент превентивно да делуваат спроведувајќи вакцинации и ревакцинации.

Во Штип никој ни оддалеку не можел да претпостави дека после две Балкански војни и страшната епидемија од колера, за која разбра целиот свет, се готви нова светска војна со неколку епидемии од кои тифусната од 1915 година како една од најсуровите за кои се знае во тоа време.

Како причина за брзото ширење на болеста, која во месеците јануари и февруари 1915 година го достигнува својот врв, се наведува отсуството на основните хигиенски услови, од недостиг на вода, сапун, чисти алишта и постелнина за пресоблекување, немање санитарни услови и непостоење на минимум хигиенски навики кај населението и војската, од што завладеа неодминлива наезда на вошливост од што масовно започна да се боледува и масовно да се умира.

Сето ова е потпомогнато и од недостиг на лекови, медицински персонал, непознавање на епидемиологијата на тифусот, преголема вошливост и се помалиот број на лекари затоа што болеста и нив не ги поштеди.

Во Штип покрај дивизиската болница сите училишта се претворени во болници, а скоро секоја куќа е претворена во семејна болница.

Со еден збор Штип во јануари 1915 година е претворен во една тифусна болница и масовна гробница на илјадници жртви од епидемијата. Тажните и потресни вести од Штип за несреќата што му се случува на градот го обиколи цел свет, а апелите за помош пристигнаа до сите континенти.

Светската солидарност не изостана, доброволни санитетски мисии почнаа да пристигнуваат од цел свет. Хуманите лица не ги обесхрабри ниту гладот, ниту студот, ниту опасноста и самите да бидат жртви на епидемијата. Многу од нив и не успеаа да се вратат дома.

Состојбата во Македонија е во извештаите на странските санитетски мисии кои што во огромен број се присутни на овие простори.

Американскиот новинар Џон Рид во својата репортажа за њујоршкиот весник „Метрополитен Магазин" во август 1915 година ја опиша Македонија како „земја на смртта."

Иако пожарот со епидемијата на тифус веќе е со тенденција за смирување сепак тоа не е крај, бидејќи на повидок е нова епидемија на маларија која е од такви размери што поради болеста на војниците од едната и од другата страна се запирале и воените операции. Големите загуби од маларија во време на војната, пред воената медицина поставија неодложна задача за решавање на проблемот со оваа болест со цел да се заштитат трупите во време на војна. Сепак за време на Првата светска војна, кога болеста е веќе општо позната и се користат ефективни мерки за противмаларична заштита, маларијата повторно нанесе страотен удар на превентивата на сите завојувани армии кои што дејствуваа на маларичните подрачја на Балканот.

Од војската болестите редовно се пренесуваа и меѓу населението што секако претставува голем проблем.

Првата светска војна покрај другото се памети и по тоа што народот заборави што е тоа бело брашно или бел леб. Со одземањето на добитокот од страна на германско-бугарската војска, покрај месото започна да го нема и млекото и маслото.

Населението остана без чевли па наместо од кожа се носат дрвени налани. Облека се прави од чаршави и ќилими, а сапунот сосема исчезна. Започна да расте општата смртност кај децата, туберкулозата, пегавиот тифус и маларијата станаа вообичаени болести.

Но маларијата не е последна, до крајот на 1918 година војниците и населението ги чека уште една страотна епидемија која исто така однесе многу човечки животи., Шпанскиот грип, кој што во Штип е запаметен како „Испанска болест".

Со еден збор кажано она што успеа да ја преживее колерата, дамчестиот тифус и маларијата се разболува од Шпански грип за кого не може да се каже дека е помалку опасен и трагичен од другите.

Сето она што се случи во Штип и другите македонски градови и села во тие тешки и судбински години од 1912-1918 година само уште еднаш, како и многупати во историјата, ја потврди потребата и неминовноста од превентивна медицина.

Маларијата како хронична заразна болест и најтежок здравствен проблем во периодот помеѓу двете светски војни во Штип се јавува како ендемска форма и е присутна во текот на целата година, било како инфекција или како рецидив.

Рецидивите се извор на зараза на младите генерации комарци кои потоа инфицирале нови жртви. Маларијата ја има во сите видови: тропска, терцијана (наречена македонска маларија) и квартана. Единствено јануари и февруари се релативно здрави периоди со само по некој рецидив.

Со доаѓањето на пролетта започнува терцијаната која што врвот го достигнува во месеците мај и јуни. Во другите месеци од годината ја има помалку но се одржува во текот на целата година. Тропската маларија избувнува во јули и трае се до октомври, додека квартаната се јавува во помал обем.

Според проценките на Министерството за народно здравје во 1921 година од маларија во Кралството СХС боледуваа околу еден милион луѓе. Се случува во некои денови кога цели возови се запирани зошто целиот персонал е болен од маларија.

Најмногу страдаат децата но ништо помалку и војската, железничарите, џандарите и други професии, како и кај луѓе кои се доселуваат од други краеви од државата. Има примери во таквите дојдени семејства кога дури 50% од членовите за кратко време умираат од маларија. Поради тоа Штип во тогашното Кралство е нарекуван Југословенски Сибир и луѓето нерадо доаѓаат во него и го сметаат за казна.




*Теренот покрај реката Брегалница, место за размножување на паразитите кои што предизвикуваат маларија*

Монтирањето на првата Декерова барака за маларична станица во 1923 година е вистинска пресвртница за градот. Подигнувањето на овие први социјално-медицински установи не само на територијата на Македонија, туку и на територијата на целото тогашно Кралство СХС.



*Градежната екипа со мајстор Крсто, стои лево во моментот на поставување на камен темелникот за бараката. Прв од лево седи дезинфекторот Живојин Живојиновиќ или дезинфектор Живко, како што го викале Штипјани. Прв од десно седи Трајчо Симоновски, Р´нката, еден од првите работници во маларичната*

До Првата светска војна не постои ниту една таква установа, ниту пак организирана хигиенска работа со народните маси. Од работата на јавната хигиена најважно е вакцинирањето против Вариола Вера. Сите други работи се вршат повеќе административно отколку стручно. Спречувањето на заразните болести обично се состои во издавање на упатства и наредби кои за жал никој не ги почитува.



*Маларичната болница во Штип во 1924 година*



*Маларичната болница во Штип во 1935 година*

За спречување на општораспространетите болести кај народот немало никаков сериозен пристап.

На Маларичната станица во Штип веднаш по пуштањето на железничката станица и е доделен еден вагон од санитетскиот воз од можните шест што Министерството за јавно здравје ги испрати во Македонија, два во Скопје, по еден во Штип, Велес, Кочани и Гевгелија. Вагоните се уредени во едниот дел за дезинфекција и бањање, еден дел за лабораторија. Патувањето во овие вагони е бесплатно како и бањањето, дезинфекцијата и дезинсекцијата.[2] Овие мерки се дел од програмата на Министерството за народно здравје, кое што воедно ги сноси сите трошоци за сузбивање на маларијата и другите заразни болести.

[2] Е. Јосимовска, „90 години Завод за здравствена заштита – Штип 1914-2004“



*Делење на терапија во штипската болница 1916 година во време на епидемијата на маларија.*
*Од лево на десно: Лазо Чаршавски, во средината е Ристо Ставрев и десно е Моне Тренев Зафиров, сите од Штип*

Во тоа време борбата со маларијата се врши воглавно со хинизација и мали асанации. Првата мерка е насочена кон предизвикувачите на болеста, а втората против нејзините пренесувачи, комарците. Хинизацијата се изведува така што сите лица кај кои ќе се констатира маларија им се дава хинин бесплатно.

Во случаите кога постои резистенција на хинин се давал плазмохин. На овој начин барем се намалува морталитетот, тежината и бројот на нападите. Со него маларијата не може да се искорени но нејзиното значење за здравјето е да се намалат и ублажат симптомите. Поради тоа што за успешно делување на хининот исхраната е од најголема важност, а поради што кај учениците заболени од маларија има слабо исхранети се одбирале и бесплатно им се дава храна. Тие деца се упатуваат за време на маларичната сезона во детските одмаралишта во Крушево и Пелистер.[3]

Добрата храна, одморот, негата и чистиот воздух делува добро врз здравјето на децата.

[3] Е. Јосимовска, „90 години Завод за здравствена заштита – Штип 1914-2004"



*Санитетски воз, комплетно опремен со сите потребни инструменти и материјали за испитување и сузбивање на маларијата. Антималаричната комисија на Министерството за народно здравје на чело со д-р. Евгениј Џунковски, фотографирани пред патувачката амбуланта 1921 година*

Кај малите асанации кои што се насочени против пренесувачите на маларијата, комарците се настојува да се отстранат нивните легла или барем да се направат неповолни за развој на комарците.

Поради тоа што комарците живеат во мирните води, како што се барите и бреговите на некои реки и канали за наводнување, нивите покрај Брегалница, асанацијата се прави со нивно потполно исушување или дренажа.



*Заедничка акција против маларијата на војската, обласната служба и маларичната станица, 1927 година*



*Мобилен дезинфектор*



*Госпоѓа Гордон, стои прва од лево, управителка на детскиот дом "Леди Пеџет" во Штип со своите колешки, медицински сестри од мисијата. Во периодот од 1919-1925 година се грижеле за здравјето на децата. Тие ги извршувале и детските вакцинации, згрижувале полесни заболени, а за потешки случаи се обраќале во детската болница во Велес*

На повик од страна на американскиот Црвен Крст во Кралството СХС, односно во Македонија доаѓа др. Ета Греј на чело на мисијата „Болници на американските жени" (AWH) и тоа доаѓа во период кога војната е веќе завршена но сега треба како што и самата кажа „да се победи мирот".

И покрај завршувањето на војната последиците од неа се видливи: заразни болести, неизлечени воени рани и повреди на дел од војниците но и на цивилното население, искривени коски од туберкулоза и глад, рахитис и др.

Ета Греј во својот извештај ќе напише: „ Се одлучив за работа во Македонија затоа што ова подрачје е најсиромашно и здравствено најзагрозено во тогашното Кралство".

Македонија во овие најтешки моменти нема школувани медицински сестри па таа задача ќе ја превземат доброволните санитетски мисии.

На молба на Министерството за народно здравје на Кралството СХС, др. Ридер и др. Ета Греј во Велес организираа специјално училиште за обука на локални девојчиња за работа во болниците. Медицинската сестра Луси Морхоус е на чело на првата обука која започнала во месец јануари 1920 година.

За нешто повеќе од месец дена тие практично ја научија целата рутинска работа во амбулантата и во болницата секако под надзор на американските медицински сестри. За кратко време исто така научија да примаат наредби на англиски јазик и самостојно да се грижат за полесните случаи.

Бидејќи тогаш градот Велес стана центар на хирургијата во Македонија, односно тогашна Јужна Србија, потребна е специјална обука за хируршки сестри, поради тоа што се прават голем број хируршки интервенции. Поради големата способност на  младите сестри дел од нив се испратени во Белград каде што е основано првото училиште за медицински сестри (нудилки).

Меѓу нив е и првата приправничка во болницата во Велес, Коца Андова Петрушева. Таа девојка стана пионер во сестринството во Македонија. Помеѓу првите пријавени на огласот за обука во Велес се пријавени и Славјанка Влахчева и Слободанка Срцева од Штип.



*Госпоѓа Ела Харисон со дел од нејзините ученички,*
*прва од десно е Коца Андова Петрушева од Велес*

Во санирањето на повоените здравствени прилики во Кралството СХС посебно се истакнал Американскиот Црвен Крст  предводен од др. Ридер. Нивната активност пред се се однесувала на заштита на децата на војниците и на децата без родители, спремање и оспособување на стручни медицински сестри кои што би ги замениле американските медицински сестри после нивното заминување во својата земја.

Најголема заслуга за отварањето на првото училиште за медицински сестри има др. Ридер и Американскиот Црвен Крст, но исто така треба да се спомене дека ништо помала не е и заслугата на др. Милош Борисављевиќ.

За реализирањето на овој обемен проект др. Ридер во септември 1920 година свика поширок Одбор на угледни и ценети здравствени работници. Овој Одбор има советодавен карактер. Претседателот на српскиот Црвен Крст полковник др. Милош Борисављевиќ постави прецизен предлог до сите присутни, да се пристапи кон отварање на училиште за медицински сестри (нудилки) во Белград.

На конференцијата која се одржа на 30 декември 1920 година, се повикани сите заинтересирани за отварање на ова училиште и е избран основачки одбор во состав: др. Ридер (од страна на американската мисија), др. Милош Борисављевиќ (од страна на Српскиот Црвен Крст), др. Ѓорѓе Протиќ, санитетски полковник (од страна на Санитетското одделение во Министерството на војската), др. Војислав Кујунџиќ (од страна на Министерството за народно здравје), др. Војислав Суботиќ (од страна на Медицинскиот факултет), др. Чеда Ѓурѓевиќ, санитетски полковник и управник на Воената болница, др. Живота Јанковиќ, управник на Општата државна болница, од страна на Српското лекарско друштво, др. Димитрије Антиќ, др. Герасим Поповиќ, претседател на Друштвото за чување на народното здравје, др. М.С. Макфелова, управничка на Српско-Англиската детска болница. Др. Зиболдова (од страна на Друштвото на жени лекари), Даница Христиќ, претседателка на Женскиот Сојуз, Даница Солдатовиќ, претседателка на Женското Друштво, Мирка Грујиќ, претседателка на друштвото „Коло Српских сестара“ и Даринка Паниќ, член на управата на Мајчинското Здружение.

За претседател на Одборот е избран др. Милош Борисављевиќ, за секретар др. Војислав Кујунџиќ, а за благајник др. Чеда Ѓурѓевиќ.

Нешто подоцна во Одборот влегува и др. Ѓоко Николиќ, помошник министер за народно здравје, кој на седницата на Одборот од 16 јануари 1922 година е избран за претседател на Главната Управа на училиштето за медицински сестри (нудилки).[4]

На предлог на Лигата на друштвата на Црвен Крст со седиште во Женева, Едит Њутн од Англија е ангажирана за директор на училиштето во Белград.

Таа со своето знаење и големо искуство учествува активно во отварањето, основањето и во раководењето на медицински училишта и во некои други земји.

Едит Њутн пристигнува во Белград летото 1921 година и веднаш се посвети на организацијата за основање и работа на училиштето.

Директорката на училиштето за медицински сестри при Лигата на друштвата на Црвен Крст госпоѓа Џералд посвети огромно внимание на основањето на училиштето во Белград. На нејзина препорака госпоѓата Њутн е избрана за првата директорка на ова училиште, а сите наставни планови се нејзино дело.

Во почетокот на јуни 1921 година е распишан конкурс за прием на ученички во училиштето со многу прецизни барања: кандидатките морале да имаат најмалку четири одделенија нижа гимназија, уверение за нивната здравствена состојба, да бидат стари помеѓу 18 и 30 години, да го положат приемниот испит и да приложат уверение за добро однесување.

---

[4] Е. Јосимовска, „Школа за нудиље друштва црвеног крста Краљевина СХС у Београду, 1921 година – Основа за развој професионалног сестринства у Македонији“

Примените ученички се сместени во интернат каде што им е обезбедена храна, перење на нивната облека, униформа и соодветни обувки и месечен додаток во првата година во износ од 100 динари. Со посебен акт од 1 јуни 1921 година (бр.18094), Министерството за народно здравје им осигура на завршените ученички постојана служба и право на пензија.

На конкурсот се пријавуваат многу ученички: четири од Србија, девет од Словенија, две од Хрватска, две од Босна, три од Македонија и по една од Далмација и Русија.

За потребите на училиштето во прво време е закупен цел спрат од зграда на улицата „Крал Милан" бр.71. Просториите во таа зграда се недоволни, па следната година под закуп е земена уште една зграда на Бирчанинова улица бр. 9.

Архитектот Данило Владисављевиќ изработи план за изградба на нова училишна зграда, а изградбата му е доверена на градежното претпријатие „Феникс".

Камен темлник е поставен на свечен начин на 28 октомври 1921 година во Делиградската улица бр.33. Изградбата е завршена во доцна есен 1922 година.

Сите материјални средства за изградбата се обезбедени од Црвен Крст на Србија, Министерството за народно здравје, Министерството за социјална политика, а најголемиот дел е обезбеден од страна на мисијата на Американскиот Црвен Крст.

Училиштето во новоизградената зграда се вселило на почетокот на 1923 година.[5]



*Новоизградената училишна зграда во Делиградската улица бр 31*

---

[5] Е. Јосимовска, „Школа за нудиље друштва црвеног крста Краљевина СХС у Београду, 1921 година – Основа за развој професионалног сестринства у Македонији"

Првата училишна година започна на 1 ноември 1921 година и според наставниот план ученичките првите шест недели поминуваат низ обуки за приемен испит, оценување на нивните особини, љубовта кон струката, нивната способност и нивните морални особини. После истекувањето на тие први шест недели ученичките полагаат приемен испит и после положениот испит стануваат питомци во училиштето за медицински сестри.

Министерството за народно здравје ги плаќа наставниците во училиштето.

Предметите кои што се изучувале биле: Анатомија со Физиологија, Хигиена, Заразни болести, Кожни и Венерични болести, Детски болести, Гинекологија и Акушерство, Очни болести, ОРЛ болести, Бактериологија, Дезинфекција и Дезинсекција, Нега на интерни и хируршки болни, Англиски јазик, Домаќинство и Музика.

Историјата на ова училиште во целост се поистоветува со историјата на професионалното сестринство во Македонија.

Три девојки од Македонија по препорака на училиштето за обука на медицински сестри од Велес под раководство на др. Ета Греј се упатени на школување во училиштето за медицински сестри во Белград во 1921 година.

Бидејќи во тоа време не е вообичаено девојки да работат во болници и да негуваат болни, во почетокот тие не се добредојдени.

Сите цивилни болници и амбуланти им ги затвораат своите врати па затоа ученичките својата практична работа и вежбите ги вршат во Армиската болница во Белград. Подоцна сето тоа се промени. Веднаш по завршувањето на школувањето ученичките добиваат дипломи и се вработувани во државна служба, а најдобрите по препорака на училиштето се упатувани на усовршување, една во Англија, а други две во Америка. Медицинските сестри школувани во ова училиште со својата стручна спремност и етичките квалитети ќе го понесат на свој грб најголемиот терет на здравствената служба во тоа време.

Најголем дел од овие медицински сестри кои што се школувале во периодот помеѓу двете светски војни во ова училиште ќе се вклучат во реорганизацијата на здравствената служба и со голем успех ќе ги извршат сите доверени задачи. За дваесет години работа од 1921-1941 година училиштето за медицински сестри го завршуваат 20 генерации на ученички.

Статистиката на дипломираните ученички во училиштето за медицински сестри во Белград, покасно од 1931 година во Скопје, покажува дека во периодот од 1924 до 1944 година дипломирале вкупно 55 ученички од Македонија.

Од нив скоро половината, вкупно 23 биле од градот Штип. Затоа Штип е наречен „Градот на сестринството", директно поврзан со училиштето во Белград.[6]

Славјанка Влахчева ќе и биде пример и на нејзината помлада сестра Павлина Влахчева која исто така се школува во Белград од 1924 до 1927 година.

---

[6] Е. Јосимовска, „Школа за нудиље друштва црвеног крста Краљевина СХС у Београду, 1921 година – Основа за развој професионалног сестринства у Македонији"



*Свеченост по повод доделувањето на дипломите на Првата генерација медицински сестри на Видовден 1924 година во Белград*



*Ученички од првата генерација на училиштето за нудилки во Скопје, 1933 година.*
*На фотографијата се: Катерина Икономова и Бојка Поп Костова*



*Павлина Влахчева, сестра на Славјанка Влахчева*

Во периодот од 1921 до 1941 година од градот Штип во училиштето за медицински сестри во Белград дипломираа следните ученички: Славјанка Влахчева, Павлина Влахчева, Марика Коџабашиева, Магда Донева Митева, Марија Славкова, Павлина Плачкова, Нада Плачеева, Вера Канаварова, Софија Витларова, Благородна Бурмакова и Блага Џидрова Шаровиќ. Сите тие имаат многу богата професионална и општествена биографија.[7]

Како пионерки во сестринството во Македонија, девојките школувани во училиштето за медицински сестри во Белград го трасираа развојниот пат на сестринството во Македонија и се сметаат за великани во својата професија.

Веднаш после пропаѓањето на Кралството Југославија на 6 април 1941 година пропадна и целата санитетска служба што дотогаш функционира.

Главната дирекција на народното здравје на Царството Бугарија е новата надлежна власт за организирање на санитетот во Штип. Уште од самиот почеток централата во Софија се соочува со тежината на животот во Штип што ја создава маларијата, дамчестиот тифус и другите заразни болести.

Лошата здравствената состојба во штипската околија, лошите хигиенски услови и исхрана, недоволната здравствена просветеност на населението, лошите стамбени услови, сето тоа им оди во прилог на епидемиите.

Тешката воена ситуација се одрази исто така врз епидемиолошката состојба на маларијата и дамчестиот тифус кои особено се почувствуваа во 1942-1943 година.

Веднаш после ослободувањето започна борбата со вошливоста, жолтицата, стомачниот тифус кој се појави во епидемиска форма во селата Аргулица и Калапетровци.





*Докторот Тома Дендру со својот персонал од 1937-1941 година, фотографирани пред маларичната болница во Штип. Присутни се Ванчо Танев, Ристо Хаџивасилев, Гена Шалева и други*

[7] Е. Јосимовска, „Школа за нудиље друштва црвеног крста Краљевина СХС у Београду, 1921 година – Основа за развој професионалног сестринства у Македонији"





*Персоналот на маларичната болница во Штип, 1942 година*

Во такви услови 1945 година започна гигантската борба против болестите и против вековната заостанатост. А за тоа е потребно да се создаде мрежа на здравствени организации со примарна и секундарна здравствена заштита, но пред се стручни медицински кадри. Поради тоа во рамките на општата здравствена служба е формирана посебна антималарична служба со свои кадри и средства. За оспособување на кадрите се организираат курсеви за медицински сестри, лекарски помошници, микроскописти, санитарни техничари, асанатори и сезонски прскачи од кои многу се на доброволна база. Раководител на дезинфекторско-болничката школа во Штип, во која школувањето е бесплатно, е д-р Павле Грличков.

Непосредно по војната, уште во ноември 1944 година, веднаш со формирањето на окружниот и околскиот народен одбор се формирани и здравствени оддели при одборите. Во прво време д-р Иван Прилепчански, поради немање на кадар, е назначен да ги води и двата здравствени оддела.

При околискиот народен одбор е формирано антималарично одделение како стручно оперативен орган кој има свои планови и програми според кои ја врши целокупната борба против маларијата вклучувајќи ги и општествено-политичките организации: Народниот фронт, младината и воениот санитет. Целата територија на Р. Македонија се претвори во мозаик од широка мрежа со антималарични здравствени установи.

Како важен здравствен проблем во текот на 1945 година е прашањето со заразните болести, особено дамчестиот тифус, кој поради тешките повоени услови се закани во форма на епидемија. Во првите три месеци на годината во Штип има шест случаеви на дамчест тифус од кои двајца ќе завршат смртно, а до декември осум. Причината за тоа е сеуште големата вошливост кај населението.

Сојузното Министерство за народно здравје, имајќи предвид дека во цела Југославија има случаеви на дамчест тифус, донесе решение на територијата на целата земја да спороведе кампања која ќе трае од 21 ноември до 20 декември 1945 година. Конкретно во штипската околија е извршена дезинсекција со ДДТ прав кај 40.000 лица. Против дамчестиот тифус е вршена и имунизација, специјално кај позагрозените, бидејќи располагаа со мало количесто на вакцини. Со борбата против дамчестито тифус се спреведува и борба против шугата која кај населението е многу распространета. Многу стотици лица во округот се лекувани од шуга, давајќи и бесплатна маст против неа.

Во пропагандна смисла исто така доста е направено благодарение на антифашистичките организации, особеноо НОВ, АФЖ и НОМС.

Маларичната ендемопандемија што го зафати Штип и цела Македонија во 1946 година е вистинска пандемична година, најтешка маларична година со 600.000 заболени или три четвртини заболени во Македонија од целокупниот број на заболени во Југославија. Пред персоналот во СЕС (Окружна санитетско-епидемиолошка станица) на чие чело стоел д-р Станчев претстои тешка и одговорна задача. Потребна  е солидна подготовка на екипите кои се борат со маларичната буица.

Маларијата во 1946 година е вистинска пандемиска година, најтешка во XX век каква не се памети од 1928, 1935 година или можеби од првите години на Првата светска војна. Со маларија се зафатени еднакво и рамничарските и планинските населби.

По една крвава и уривачка војна каква што е Втората светска војна, 1946 година иако е година на мирот, сеуште не постои организиран и добро среден санитет што ќе и пружи солиден отпор на маларичната буица. Но како што обновувањето на земјата се одвивало со брзо темпо така и македонскиот санитет во 1947 година прилично ги среди своите редови па во заедница со Југословенската армија се превземени плански акции од поголем обем. И навистина во 1947 година маларијата бележи големо намалување.

Маларијата во 1947 година опадна. Во Штип 1946 година имало 5.694 прегледи со позитивен резултат, а во 1947 година (од јануари до ноември), 1.958.

Со тоа целосно се афирмира специјалната противмаларична служба во Македонија како во цивилниот така и во воениот санитет. Таа година за прв пат е воведен систематски познатиот инсектицид ДДТ во противмаларичната борба. ДДТ е употребуван воглавно против комарците во форма на резидуално прскање, а поретко како ларвицид. На теренот работат асанаторски екипи најчесто на доброволна работа. Едно е сигурно дека маларијата во 1947 година под раководство на д-р Панче Станчев како организатор на службата, опадна на најниско можно ниво.

Треба да се истакне големата улога на д-р Панче Станчев кој има свое историско место, како главен епидемиолог во современата организација на превентивната медицина во Македонија. Наместо „дескриптивната“ фаза на работа и фаза на „гаснење на пожари“ се повеќе студиозно се опфаќаат проблемите – хигиенската проблематика како основица на превентивната медицина.

Современата организација на д-р Станчев и воената хигиенско-епидемиолошка служба ја извојуваа борбата против маларијата така што во 1965 година нема нитиу еден случај на свежа маларична инфекција. Овде заслугите на д-р Панче Станчев се неспорни и затоа треба да бидат потенцирани.



*Др-Панче Станчев*



# МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ ОД МАКЕДОНИЈА КОИ ШТО ДИПЛОМИРАЛЕ ВО ПРВАТА ГЕНЕРАЦИЈА 1924 ГОДИНА

## *СЛОБОДАНКА СРЦЕВА (ШТИП, 1896-СТРУМИЦА 1974)*

Како најдобра ученичка во својата генерација по препорака на др.Едит Греј таа е испратена да работи како лична медицинска сестра во дворот на кралот Александар Караѓорѓевиќ и всушност нејзиното прво работно место е во неговиот двор.

Срцева пред тоа ќе мора на година дена да замине во Англија како би се усовршила за таква одговорна работа. На кралскиот двор таа остана десет години до 1934 година. После убиството на кралот Александар на 9 октомври 1934 година во Марсеј и таа западна во немилост. Како личност од Штип таа е осомничена поради активноста на Ванчо Михајлов и неговата поврзаност со атентатот на кралот.

Таа мора да го напушти дворот и да се врати во својот роден град, каде подолго време е без работа. Покасно добива работно место во Маларичната станица, а потоа ја води и Школската Поликлиника. Работи и во Битола како одговорна сестра во болницата, а потоа во Скопје како сестра во Детскиот диспанзер. Во Струмица таа го основа Антитуберкулозниот диспанзер.

## *КОЦА АНДОВА ПЕТРУШЕВА (ВЕЛЕС 1904-ВЕЛЕС 1971)*

Нејзиното прво вработување е во превентивната служба во Велес во тогашната борба против маларијата и туберкулозата. За време на Втората светска војна таа е медицинска сестра и едукатор во Партизанската болница. После завршувањето на Втората светска војна по наредба на Министерството за здравство таа го основа медицинското училиште во Битола. Таа е и прв директор на тоа училиште, а потоа е поставена за директор на средното медицинско училиште за санитарни техничари во Скопје. На тоа работно место е се до нејзиното пензионирање во 1964 година.

За својата долгогодишна работа таaa е одликувана со Орден за работа.

## *СЛАВЈАНКА ВЛАХЧЕВА*
## *(1900 – 1988)*



Славјанка Влахчева се смета за великан на македонското сестринство.

Таа е родена во Штип на 18.XII 1900 година од мајка Санда и татко Ристо. Потекнува од занаетчиско семејство кое и овозможува да се школува завршувајќи шести клас гимназија. Со сигурност може да се каже дека љубовта и алтруизмот ги има стекнато уште додека била дете, бидејќи е така воспитувана од своите родители.

Не случајно што кога во Белград во 1921 година е отворено првото училиште за медицински сестри во траење од три години, под раководство на доктори и медицински сестри од Англија и САД, Славјанка е меѓу првите ученички на ова училиште.

После три години, поточно во 1924 година таа со успех го завршува училиштето и станува прва дипломирана медицинска сестра во Македонија.

Овде треба да напоменеме дека на Славјанка и е понудено да престојува и да работи како медицинска сестра во Англија. Иако таа ја знае вредноста на оваа понуда за својата иднина и перспектива, сепак одлучува да се врати во Македонија, односно во својот роден град, за да помогне на својот народ, бидејќи многу добро ги знае здравствените и социјалните прилики во кои живее македонскиот народ во тоа време.

„Македонско девојче во бело", вака се велело за штипјанката Славјанка Влахчева, првата образована медицинска сестра во Македонија.

Доаѓањето на Влахчева во родниот Штип се совпаѓа со отварањето на првата антималарична станица. Во периодот од 1924-1930 година работи на сузбивањето на најопасната заразна болест во тоа време во Македонија, маларијата. Оваа болест е надвисната над Штип и пошироко во целиот Брегалнички регион, поради што Славјанка не жалејќи труд и напор дури и по цена на сопствениот живот се бори за спасување на секој човечки живот. За овие настани можеме да ја цитираме и самата Влахчева која вели:

„Еден ден на работното место ми се слоши, се разболев од двојна маларија, терција и квартана. Имав висока температура и преку 40 степени и секој час мораа да ме пресоблекуваат поради преголемото потење." И покрај сите овие тешкотии таа ги обиколувала селата и се грижи за здравствената заштита на населението таму. Кај неа важела девизата „Нема поубаво чувство да му се помогне на човек кога му е најтешко, кога се бори за живот." Таа не прави разлика дали болните се богати или сиромашни и неретко оди со службата со петролеумот за да ги прскаат мочуриштата во околината за да ги уништат ларвите на комарците.

Тука е важно да напоменеме дека нејзината интензивна и самопрегорна работа ќе биде инспирација и поттик за многу девојчиња за да се определат за оваа струка и да го следат патот на Влахчева.

За ова најилустративно зборува Цветанка Хаџи-Василева, исто така носителка на признанието Флоренс Најтингел

„Благодарение на Славјанка која со својата работа го пренесува и духот на сестринството на младите секоја година од Штип одат во Белград, а покасно и во Скопје каде ќе учат за медицински сестри." Штип ќе стане лулка на сестринството во Македонија.

Од вкупниот број на сестри што дипломираа во Белград и во Скопје и други места во бивша Југославија до ослободувањето во 1944 година над 50% се девојчиња од Штип.

Животниот пат на Славјанка ја води во Скопје каде поминува скоро 10 години, од 1930-1940 година. Таа неколку години работи во Санаториумот за туберкулоза во селото Љубанци. Поради многу тешките економски и социјални услови во кои живее македонскиот народ, туберкулозата е масовно раширена, поради што Славјанка е исправена пред сериозни и одговорни задачи за сузбивање и на оваа заразна болест.

Покрај другото таа ги постави и темелите на патронажната служба во антитуберкулозниот диспанзер. Исто така интензивно се залага и за организација и реализација на БСЖ вакцинацијата. Континуитетот на нејзиниот алтруистички дух продолжува и во најтешките мигови во борбената историја на македонскиот народ, во НОБ од 1941 – 1944 година.

Во последната година од оваа херојска епопеја сестрата Славјанка е борец во 14 Македонска ударна бригада и се грижи за ранаетите и болни борци. Ужасите на војната не ја одбегнуваат и неа, таа во извршувањето на својата санитетска задача е ранета.

Славјанка учествува во ослободувањето на Скопје каде ја дочекува слободата.

Во своите сеќавања за ова време Славјанка вели:

„Од Министерството за народно здравје добив задача да отворам училиште за медицински сестри во Скопје. Тоа не беше лесна задача. Ни требаше добра пропаганда, бидејќи ваков вид училишта се организираа за прв пат. Подоцна имаше голем прилив на ученички. Тука како директор, останав до крајот на школувањето на првата генерација на медицински сестри во Македонија. Многу од нив го продолжија школувањето и денес се лекари, главни сестри на нашите клиники, а некои се во пензија." Големите резултати што таа ги постигна како директор и педа-

гог во училиштето и овозможи Министерството за народно здравје да ја наименува за началник на одделението за медицинска настава. Три години пред своето пензионирање во 1953 година, Славјанка ја врши функцијата Началник на управата за борба против туберкулоза.

Во продложение ќе го цитираме сеќавањето на д-р Тодор Влахчев од Штип кој ќе рече:

„По природа Славјанка беше мирна, тивка и никогаш не сакаше јавно да ги манифестира своите успеси и резултати од својата сестринска работа. Дека таа толку многу беше посветена на својата хумана работа и за среќата на луѓето го потврдува и податокот дека Славјанка никогаш не оформи семејство."

Овие негови зборови ги потврдува и самата Славјанка:

„Зошто да се пишува за мене, јас го сторив само она што секој друг би го сторил, работев колку имав сили и бев свесна но на тоа не сум горда, животот тоа го бараше од мене."

Следејќи ја биографијата на Славјанка не може да се заобиколи уште еден момент, односно дека таа е голем активист во работењето на Црвениот крст на Македонија. Нејзината работа не остана незабележана во јавноста но и надвор од Македонија.

Токму Црвениот крст на Македонија ценејќи ги нејзините огромни заслуги како сестра во прв ред во полето на превентивата и едукацијата ја предложи до Меѓународниот комитет на Црвениот Крст во Женева, таа да биде носител на признанието, медалот „Флоренс Најтингел". Тоа и навистина се оствари 1971 година, кога оваа сестра стана носител на ова највисоко светско признание на Црвениот Крст.

Славјанка Влахчева во Македонија често ја нарекуваат „Македонската Флоренс Најтингел". На овој начин и се даде признание на една личност која е една од оние што никогаш не носеа оружје, а сепак се најдоа на страниците на светската историја.





*Славјанка Влахчева како ученичка во Белград*











*Славјанка Влахчева како ученичка во Белград*







## *Славјанка Влахчева на работното место*







*Славјанка Влахчева, во средината како директор на Средното медицинско училиште во Скопје со првата генерација на ученици,1945 г.*



*Славјанка Влахчева, стои прва од десно заедно со друг медицински персонал*





*Славјанка Влахчева портрети*







*Парада во Скопје по повод Први мај 1945 година.*
*На фотографијата Славјанка Влахчева е лево во црн костум*



*Славјанка Влахчева*
*на прослава на*
*11 Октомври во*
*Скопје*



*Фотографија од положување на венец, Славјанка Влахчева*
*се наоѓа десно со капа на главата во костум со бели линии*

*Славјанка Влахчева со пријателки во домашен амбиент*







*Славјанка Влахчева фотографирана во дворот од својата куќа*

*Славјанка Влахчева фотографирана на прослава со колешки,*
*29 мај 1983 година*







*Славјанка Влахчева фотографирана на прослава со колешки,
29 мај 1983 година*







*Оригинални документи на Славјанка Влахчева*



СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИЗВОД ОД МАТИЧНАТА КНИГА НА РОДЕНИТЕ



КРАЉЕВИНА

ЈУГОСЛАВИЈА

Министарство социјалне политике и народног здравља

ОПШТЕ ОДЕЉЕЊЕ

УВЕРЕЊЕ






Краљевина Срба, Хрвата и Словенаца
Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca

Службенички Лист — Službenički List


У име
Његовог Величанства
Петра II
по милости Божјој и вољи Народној
Краља Југославије
Краљевски Намесници





У ИМЕ
ЊЕГОВОГ ВЕЛИЧАНСТВА
ПЕТРА II
ПО МИЛОСТИ БОЖЈОЈ И ВОЉИ НАРОДНОЈ
КРАЉ ЈУГОСЛАВИЈЕ
КРАЉЕВСКИ НАМЕСНИЦИ


У име
Његовог Величанства
ПЕТРА II.
по милости Божјој и вољи народној
КРАЉА ЈУГОСЛАВИЈЕ
Краљевски Намесници



ЦАРСТВО БЪЛГАРИЯ

ГА ДИРЕКЦИЯ НА НАРОДНОТО ЗДРАВЕ

СВИДЕТЕЛСТВО ЗА ПРАВОСПОСОБНОСТЬ

МИЛОСЕРДНА СЕСТРА

СЕСТРИНСТВО

ГЛАВЕНЪ ДИРЕКТОРЪ:

Главенъ Инспекторъ Секретарь:



МИНИСТЕРСТВО

УВЕРЕЊЕ

СЕ КЛАСИРА






СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Скопје
1947 — 1967
ПРИЗНАНИЕ
на мед. сестра Славјанка Влахчева, директор на мед. школа
Претседател на Советот




СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Училишен центар за медицински сестри, бабици, болничари и детски негувачки Скопје
За вонредно залагање и пожртвувана работа за организирање и раководење на Училиштето за медицински сестри по периодот на ослободувањето на нашата земја се дава ова
Признание
на другарката Влахчева Славјанка,
медицинска сестра во пензија
Скопје
Претседател на Советот на Центарот


HUGUENIN


LE COMITÉ INTERNATIONAL DE LA CROIX-ROUGE
Miss Slavijanka VLAHČEVA
LA MÉDAILLE FLORENCE NIGHTINGALE
Pour le Comité International de la Croix-Rouge
Le Président:



POŠTOVANA DRUGARICE SLAVIJANKA,

Najlepše Vas molim da mi pomognete i odgovorite na ovo pismo.

Kolega Djordje Martić i ja sakupljamo gradju za feljton (a možda i knjigu) o dobitnicama medalje "Florans Najtingal". Pošto ste i Vi jedna od 26 bolničarki u Jugoslaviji, koja je dobila ovo ugledno priznanje i odličje Medjunarodne organizacije Crvenog krsta nadam se da ćete mi pomoći i uputiti me na knjige, časopise, nedeljnike, brošure i ostale priloge napisane o Vama. Verujem, da takvih napisa ima i da ću uz Vašu pomoć doći do njih.

Posebno Vas molim da u odgovoru na ovo pismo, opišete, ako možete, i jedan najinteresantniji, najupečatljiviji dogadjaj, doživljaj koji Vam se trajno urezao u sećanje. Ukoliko to ne možete, kolega Martić i ja bi došli do Vas da bi nam ispričali Vaša sećanja. Takodje Vas molim i za kraće biografske podatke, a posebno bih Vam bio zahvalan na Vašim fotografijama, sa kojima bi ilustrovali feljton.

Znam da tražim dosta od Vas, ali verujem da ćete imati razumevanja i da ćete mi pomoći da dodjem i do drugih podataka i životnih priča o Vama čime bih samo upotpunio obrazloženje na osnovu koga ste dobili ovo medjunarodno priznanje.

Srdačno Vas pozdravlja i unapred zahvaljuje na trudu i pomoći.

Владимир Мандић

U Beogradu, 13.I 1984.god.

VLADIMIR MANDIĆ
novinar "POLITIKE EKSPRES"

P.S. Molim Vas da mi odgovorite na sledeću adresu:

MANDIĆ VLADIMIR
11211 B O R Č A
Bratstva i jedinstva 38

Другарки и другари !

Од Здружението на сестрите во Скопје,бев избрана за да бидам предложена пред Главниот Одбор на Црвен Крст на Македонија за Орденот "Флоренс Најтингел". Како сум учила како ученичка [illegible] ја во сестринството тука сум го прочитала името на "Флоренс Најтингел" и воопшто даже сум тогаш помислила дека еден ден ќе го добијам тоа високо одликување,бидејќи сум сметала дека таков орден кој ја имала таа личноста исто ретко кој може да ги постигне,но со обзир на времето во кое живееме и при условите во кои се негува нашето ослободување,нашата работа требаше да биде составен дел од заедничкиот напор за подобрување на човечкиот живот,јас како член таа заедница го добив своето место и со својот труд се вклучив во заедничката борба. Тоа што сум го дала од себе , а и за да може да се постигне [illegible] во работата во некоја работа треба да наоѓаме на соработката на многу мои колешки кои се секогаш биле готови за тоа,а јас лично сум имала почит кон секој што сакал да работи.

Изразувам длабока благодарност на сите фактори и институции кои директно или индиректно допринесоа за да се изрази мојот труд преку добивањето на овој висок Орден на Светскиот Црвен Крст.

[illegible] денес Главниот Одбор на Црвениот Крст на Македонија ми собра [illegible] за да ги го честуваме денот на предавањето на овој висок Орден,кој се досега давал само за војна,а која лична [illegible] е да такви Ордени во идните се доделуваат на луѓе,кои ќе допринесуваат да се постигне мир и слобода на човечноста.

Почитувани другар
Владимир Мандиќ

Во границите на моите можности покушувам да Ви одговорам на Вашето писмо од 13.01.1984 година, и да Ви испратам, копија од дневни листови и часописи, каде е пишувано за моето работење и до кој располагам:

- "Нова Македонија" од 11.11.1965 година.
- "[illegible]" од 06.1977 година
- Главен одбор на црвен крст на Македонија
- "[illegible]" - рубрика
- [illegible] од 11.06.1977 година
- Исто така ТВ - Скопје имаше емисија за мојата работа и добиеното признание - медал "Флоренс Најтингел" но немоам да се присетам на која дата се емитуваше таа емисија.

- Архивот од градот Штип, мојот роден град има снимено на магнетофонска лента разговор со мене за моето работење и за признанието.

Во прилог Ви испраќам 2 фотографии, едната во униформа а другата во цивилна облека.

Исто така копија од весници со кои располагам.

Со почитување
Славјанка [illegible]
Ул."Козара" бр.3
91000 Скопје











СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Извод од матичната книга на умрените



„ФЛОРЕНС НАЈТИНГЕЛ“ — ЗА ХУМАНОСТ И ЗА ПОЖРТВУВАНОСТ (5)

# СО НЕЖНА МАЈЧИНСКА РАКА

Владимир Мандиќ

Најпосле и селзи родосници



„ФЛОРЕНС НАЈТИНГЕЛ“ — ЗА ХУМАНОСТ И ЗА ПОЖРТВУВАНОСТ (3)

# СКРОМНИ И БЛАГОРОДНИ

Владимир Мандиќ

ДАЛИ СТЕ ЧУЛЕ ДЕКА...

ФЕЉТОН

Владимир Миндић — СА БОЛИШТА У ЛЕГЕНДУ

# ОЛУЈА ЈЕ ПОКРЕНУЛА ВАГОН

У школи за медицинске сестре

После у пољарничкој станици



Рат је преживео страдања

„Никад нисам посала на себе"

РО на Црвениот крст на Македонија

# Медалот „Флоренс Најтингејл" за Славјанка Влахчева

• МЕЃУНАРОДНИОТ КОМИТЕТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ СО НАЈВИСОКО ОДЛИКУВАЊЕ ЗА МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ ГИ ОДЛИКУВА СЛАВЈАНКА ВЛАХЧЕВА, А ПОСМРТНО ИВАНКА КАРАГОЗОВА

Претседателството на Републичкиот одбор на Црвениот крст на Македонија го разгледа и усвои извештајот за минатогодишната активност на Републичкиот одбор, а ги одобри и завршните сметки на Републичкиот одбор, Фондот на солидарност и Фондот за борба против ракот.

На седницата беше решено од Фондот на солидарност да им се даде по 1.000 динари помош на семејствата на Вера Нацева и Брунхилда Хартман, чии станови пред неколку дена изгореа до темел. Претседателството на својата седница донесе Одлука за доделување 8 златни плакети, кои всушност се највисоко признание на Црвениот крст на Македонија, и 77 златни знаци на заслужени активисти во Републиката.

Златните плакети им се доделени на: **Мара Митанова, Милка Врански — Малеска, Ристо Елимов, Томе Крстевски, Васко Алтипармаков, Камче Митев** и **прим. д-р Петрир Агали**, додека на починатиот **Даре Бомбол** му беше доделена посмртно златна плакета.

**Претседателот на Републичкиот одбор м-р фарм. Божидар Шамбал, на скопјанката Славјанка Влахчева ѝ го врачи медалот „Флоренс Најтингејл", највисоко меѓународно одликување со кое се наградуваат медицинските сестри за исклучителни залагања. Овој медал на Славјанка Влахчева ѝ го додели Меѓународниот комитет на Црвениот крст. Посмртно, медалот „Флоренс Најтингејл" ѝ е доделен и на покојната Иванка Ј. Карагозова.**

Б. Д. К.

страница 7

ОДГОВОРИ:

## СЕДАМНАЕСТ ЗАСЛУЖНИХ

✕ Међународни комитет Црвеног крста, почев од 1912. године, додељује женама медаљу „Флоренс Најтингејл", за изузетне заслуге у лечењу рањеника за време ратова и нези болесника у мирнодопском животу. Ово високо одликовање установљено је у спомен на енглеску болничарку Флоренс Најтингејл (1820 — 1910) која је свој живот посветила нези болесника и рањеника, истакавши се нарочито у кримском рату (1853—56). Ову медаљу, која се додељује сваке друге године 12. маја, на дан рођења Ф. Најтингејл, досад је примило 17 Југословенки. За неговање рањеника у балканским ратовима и првом светском рату, као и за заслуге у развоју медицинско-болничарске службе после ових ратова одликоване су: **Делфа Ивановић** и **Анка Ђуровић** (1920), **Љубица Луковић** (1925), **Боса Ранковић** (1931), **Софија Играшинац** и **Стефанија Папилоулос** (1933), **Ружица Хелих** (1935), **Вера Шлајмер** (1937) и **Ксенија Беренговић** (1939). После другог светског рата прво овакво одликовање добиле су **Вера Липовшћак** (1951) и **Милица Зековић** (1959). Године 1971. посмртно су одликоване партизанске болничарке **Даринка Несторовић, Милеса Станојловић** и **Добрила Петровић**. Исте године одликоване су и медицинске сестре **Иванка Јовева-Карађозова, Разија Ајановић** и **Славјанка Влахчева**.

## ОДМАЗДА ЗА МОСКВУ

✕ Мада је Хитлер категорички тврдио да совјетске бомбе никад неће пасти на Берлин, совјетски авиони су овај град бомбардовали 8, 9. и 11. августа 1941, са 72 стратешка бомбардера Балтичке...





МИЛЕНИЧКА НА ФЛОРЕНС НАЈТИНГЕЛ



50 ГОДИНИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА МАКЕДОНИЈА

Највисоко признание за сестринство

СЛАВЈАНКА ВЛАХЧЕВА

ПИОНЕР НА ХУМАНИОТ ПОЗИВ — МЕДИЦИНСКА СЕСТРА

Недела и Светскиот ден на Црвениот крст

БЛАГОВРЕМЕНА ПОМОШ



90 ГОДИНИ

ГОДИНАВА СЛАВЈАНКА ВЛАХЧЕВА ОД СКОПЈЕ, ПЕНЗИОНИРАНА МЕДИЦИНСКА СЕСТРА ГО ДОБИ НАЈВИСОКОТО ПРИЗНАНИЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ЦРВЕН КРСТ — „ФЛОРЕНС НАЈТИНГЕЛ“

ЖИВОТ ПОСВЕТЕН НА ДРУГИТЕ





МАКЕДОНСКО ДЕВОЈЧЕ ВО БЕЛО





Средба со првата медицинска сестра од Македонија, Славјанка Влахчева

„ХИНИН ПРОТИВ МАЛАРИЈАТА СЕ НОСЕШЕ СО ВАГОНИ...“

МЕСЕЦ НА ШУМИТЕ

Запоставени к

14-XI-1965 год. „Нова Македонија“



„НАЈТИНГЕЛ“ ЗА ТРИ СЕСТРИ ОД МАКЕДОНИЈА

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

614.253.5:929Влахчева, С.(497.7)
614.253.5(497.731)(091)

КОРУНОВСКА, Емилија
Македонско девојче во бело : Славјанка Влахчева : (1900-1988) / Емилија Коруновска ; [фотографии Киро Спасов]. - Кочани : Европа 92, 2025. - 45 стр. : илустр. ; 24 см

ISBN 978-608-5035-23-6

а) Влахчева, Славјанка, 1900-1988 -- Македонско сестринство б) Сестринство -- Штип -- Историја

COBISS.MK-ID 66111237